# ЧЛЕН 90

## СОЦИЈАЛНА СОРАБОТКА

Во однос на вработувањето, соработката меѓу Страните ќе се насочи посебно врз унапредување на службите за вработување и советодавните служби за професионално насочување, обезбедување мерки за поддршка и унапредување на локалниот развој за да се помогне при преструктуирањето на пазарот на производство и труд.

Таа исто така ќе вклучи мерки, како што се студии, помагање на експерти и активности за информирање и обука.

Во однос на социјалното осигурување, со соработката меѓу Страните ќе се настојува да се приспособи системот на социјално осигурување на Република Македонија спрема новите економски и социјални барања, имено обезбедувајќи услуги од експерти и организирање активности за информирање и обука.

Соработката меѓу Страните ќе вклучи приспособување на законодавството на Република Македонија во однос на работните услови и еднакви можности за мажите и жените.

Страните ќе развиваат меѓусебна соработка со цел да се подобри нивото на заштитата на здравјето и безбедноста на работниците, земајќи го како појдовна точка нивото на заштитата што постои во Заедницата.